Бр./Nr 12-3502/2
01-02-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продол7ението на 99-та седница одржано на 30.01.2024 година ја донесе следната

## *О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 12-3502/1 од 17.07.2023 година, со наводи против директорот на ____, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-3502/1 од 17.07.2023 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на познат подносител, на ден 17.07.2023 година, поднесена е пријава со наводи против директорот на _____, и оформен е предмет број 12-3502/1 од 17.07.2023 година.

Подносителот наведува дека според податоците на веб страната на Бирото за јавни набавки Јавното претпријатије за државни патишта склучило договор со фирмата друштво за градежништво и трговија _____ ____ експорт импорт _______, за реконструкција на државниот пат Р1109 делница, обиколница на Богданци на 13.07.2022 година.

Притоа подносителот наведува дека директорот на _______ _______ __ _______ _______ има извршено злоупотреба на службената положба и овластување предвидено и казниво според член 353 став 3 в.в со став 1, а во врска со член 22 од кривичниот законик.

Станува збор за непостапување согласно Законот за градење и Законот за експропријација, односно не обезбеден доказ како право за градење- Имотен лист со запишано право на сопственост, и необезбедено конечно решение за спроведена

експропријација за делови од земјиште сопственост на физички лица на чије што место била проектирана трасата на предметниот регионален пат.

Во контекс на истакнатото Подносителот наведува дека Службено лице односно директорот на _____ со искористување на својата службена положба или овластување, и со пречекорување на границите на своето службено овластување или со неизвршување на својата службена должност има прибавено за себе или за друг некаква корист и нанесена лична штета од индивидуално право на друга страна.

Воедно се бара ДКСК да постапи по предметната пријава согласно нејзините законски надлежности.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за свое надлежно постапување.

Дополнително, подносителот се упатува на можноста своето право си го оствари преку поднесување кривична пријава до ОЈО-ГОК.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: П.Б.
Одобрил: м-р Г.Т, член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**